# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 107** **22 април 2020, среда** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1486. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за банките за време на вонредна состојба | 3 |
| 1487. | **Уредба** со законска сила за примена на Законот за поштенските услуги за време на вонредна состојба | 3 |
| 1488. | **Уредба** со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба | 4 |
| 1489. | **Уредба** со законска сила за задолжителна самоизолација при тестирање за присуство на коронавирус COVID-19 за време на вонредна состојба | 4 |
| 1490. | **Уредба** со законска сила за носење лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од коронавирусот COVID-19 и заштита на населението за време на вонредна состојба | 5 |
| 1491. | **Одлука** за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 | 6 |
| 1492. | **Одлука** за изменување на Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија | 7 |

Стр.

1493. **Одлука** за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности ............ 7

1494. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Радиоаматерска асоцијација на Северна Македонија ............. 8

1495. **Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје............ 8

1496. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Извиднички одред „Гоце Делчев“ – Свети Николе............ 8

1497. **Одлука** за определување на периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и за висината на закупнината............ 10

1498. **Одлука** за одобрување на извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2019 година ............ 11

1499. **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа............ 11

1500. **Одлука** за начинот на проценка на резервите за штети на друштвата за осигурување и/или реосигурување за време на траење на вонредната состојба ............ 12

Стр.

1501. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за минимална содржина на евиденцијата и начинот на пријавување, резервирање и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување............ 12

1502. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси............ 13

1503. **Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување............ 13

1504. **Решение** за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Северна Македонија кои потекнуваат од Република Србија и транзитираат низ Република Србија ............ 14

1505. **Одлука** од Совет на јавните обвинители на Република Северна Македонија ............ 15

1506. **Објава** за стапката за трошоците на живот и платите за месец март 2020 година ............ 15

**Огласен дел** ............ **1-48**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1486.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА БАНКИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За поставување на ред и дисциплина при влез во и излез од внатрешноста на деловните единици или простории на банките и штедилниците во кои се примаат клиенти заради вршење и нудење финансиски услуги (во натамошниот текст: банките и штедилниците) ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Банките и штедилниците се должни да обезбедат редарска служба при влезот во и при излезот од објектот, за да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и внатре во објектот, да обезбеди спроведување на задолжителна дезинфекција на раце при влез во објектот и да не дозволи влез во објектот на лица кои не носат заштитна маска, марама или шал со кој ќе бидат покриени устата и носот.

Банките и штедилниците се должни да постават соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на корисниците на услугата пред и внатре во објектот.

Ознаките од став 2 на овој член се поставуваат на растојание од најмалку два метра и тоа: пред секој шалтер на кој корисниците на услугата пристапуваат за вршење финансиски услуги, како и во дијаметар од 10 метри пред влезот на објектот.

Банките се должни најмалку еднаш неделно, а штедилниците најмалку еднаш месечно да вршат превентивна дезинфекција во објектите во кои се вршат финансиски услуги.

Член 3

Банките и штедилниците се должни на вработените лица кои работат во објектите или имаат контакт со клиенти да им обезбедат заштитна опрема (ракавици и маски) кои се должни да ги носат во текот на целото работно време.

Член 4

Во банките и штедилниците во исто време, заедно со вработените, не смее да има:

- повеќе од 5 лица во просторија до 50 квадратни метри;
- повеќе од 10 лица во просторија од 50 до 100 квадратни метри;
- повеќе од 15 лица во просторија од 100 до 200 квадратни метри и
- повеќе од 20 лица во просторија над 200 квадратни метри.

Во банките и штедилниците во кои бројот на вработени го достигнува лимитот од став 1 на овој член, максималниот број на присутни клиенти во исто време не може да биде повеќе од две лица.

Член 5

Министерството за економија - Државен пазарен инспекторат ќе врши инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 6

Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на банката или штедилницата ако постапува спротивно на одредбите од членовите 2, 3 и 4 на оваа уредба со законска сила.

Член 7

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба како и 200 дена од престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3308/1 | Претседател на Владата |
| 22 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1487.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 27/14, 42/14, 187/14, 146/15, 31/16, 190/16, 64/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) ќе се применува за време на траењето на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За поставување на ред и дисциплина при влез, во внатрешноста и при излез од капацитетите и просториите (во натамошниот текст: објекти), во кои се даваат поштенски услуги кон корисниците на овие услуги, за време на траење на вонредната состојба ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Давателите на поштенски услуги се должни да обезбедат редарска служба при влезот, во внатрешноста и при излезот на објектот, за да се запази минимум потребното растојание помеѓу лицата пред и внатре во објектот, да обезбеди спроведување на задолжителна дезинфекција на раце при влез во објектот и задолжително носење на заштитна маска, марама или шал со кој ќе бидат покриени устата и носот на корисникот на поштенската услуга кој влегува во објектот.

Давателите на поштенски услуги се должни да поставaт соодветни ознаки со кои се обележува правецот на движење и запазување на минимум потребното растојание при чекање ред на корисниците на поштенските услуги пред и внатре во објектот.

Ознаките од став 2 на овој член се поставуваат на растојание од најмалку два метри и тоа: пред секој пункт/шалтер на кои корисниците на поштенските услуги пристапуваат за вршење поштенска услуга, како и пред влезот на објектот.

Давателите на поштенски услуги се должни најмалку еднаш неделно да вршат превентивна дезинфекција во објектите во кои се даваат поштенски услуги.

Член 3

Министерство за економија - Државен пазарен инспекторат ќе врши надзор и контрола над спроведување на одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 4

Глоба во износ од 2.000 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на давателот на поштенските услуги ако постапува спротивно на одредбите од член 2 на оваа уредба со законска сила.

Член 5

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба, како и 200 дена од престанокот на траењето на вонредната состојба.

Член 6

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3317/1
22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1488.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 ), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Во Уредбата со законска сила за примена на Законот за трговија за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/20), во членот 1 став 2, по зборот „пекари“, се става запирка и се додава зборот „дуќани“.

Член 2

Во член 2 по ставот 3, се додава нов став 4, кој гласи:

„Во објектите во кои се врши трговија на мало, истовремено може да пазаруваат најмногу по едно лице на површина од секои 20 метри квадратни.

Во објектите со површина помала од 20 метри квадратни може да пазарува само едно лице.“.

Член 3

По членот 2 се додава нов член 2-а кој гласи:

“Член 2-а

Трговецот е должен да обезбеди заштитна опрема (маски и ракавици) за вработените лица во објектот.

Вработените лица се должни заштитната опрема од ставот 1 на овој член да ја носат за времетраење на работното време.“.

Член 4

Во членот 4 по зборовите „член 2“ се додаваат и зборовите „и член 2-а став 1“.

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност за вработеното лице ќе се изрече за прекршок ако постапува спротивно на одредбите од член 2-а став 2 на оваа уредба со законска сила“.

Член 5

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3318/1
22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1489.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА САМОИЗОЛАЦИЈА ПРИ ТЕСТИРАЊЕ ЗА ПРИСУСТВО НА КОРОНАВИРУС COVID-19 ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува спроведување на задолжителна самоизолација при тестирање за Коронавирус COVID-19, како и надзорот над спроведувањето на самоизолацијата за време на траењето на вонредната состојба.

Член 2

Сите домашни и странски физички лица, симптоматски и асимптоматски, на кои им е извршено тестирање за присуство на Коронавирус COVID-19 во нивниот организам, се ставаат во задолжителна самоизолација и тоа од моментот на земањето на материјалот за тестирање (брис од уста, брис од грло, брис од нос, крв и слично), сé до добивањето на негативен резултат.

Член 3

Доколку земањето на материјал за тестирање е извршено вон домот, односно местото на потенцијална самоизолација на физичкото лице кое се тестира, лицето има обврска без одлагање во најкус можен рок и на најбрз начин, да се упати во самоизолација при што треба да ги намали, односно сведе на минимум попатните контакти со други лица, се до пристигнување на местото на самоизолација.

Член 4

Самоизолацијата трае до добивање на негативен резултат од тестирањето.

Самоизолацијата се спроведува во домот на лицето или во стан или куќа каде што истото може целосно да биде изолирано од лицата со кои живее (викенд куќа, стан во кој што не живее и слично).

За времетраење на самоизолацијата, лицето во самоизолација не смее воопшто да излегува, треба да ги сведе на апсолутен минимум контактите со лицата со кои што живее (ако не може целосно да се одвои) и треба да ги почитува препораките на Министерството за здравство во врска со самоизолација.

Член 5

Самоизолацијата може да премине во домашна изолација врз основа на Решение за здравствен надзор од Државниот санитарен и здравствен инспекторат, согласно законите и протоколите за намалување на внесот, ширењето и справувањето со Коронавирусот COVID-19.

Член 6

Надзор над спроведувањето на одредбите од оваа уредба со законска сила врши Министерството за внатрешни работи и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, секој во однос на одредбите од оваа уредба со законска сила, за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

Член 7

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од член 3 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од член 4 став 3 од оваа уредба со законска сила.

Член 8

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба, како и до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската Здравствена Организација.

Член 9

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3322/1 | Претседател на Владата |
| 22 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**1490.**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА НОСЕЊЕ ЛИЧНА ЗАШТИТА НА ЛИЦЕТО ЗАРАДИ СПРЕЧУВАЊЕ НА ШИРЕЊЕТО, СУЗБИВАЊЕ НА ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНАВИРУСОТ COVID-19 И ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Со оваа уредба со законска сила се уредува носењето лична заштита на лицето заради спречување на ширењето, сузбивање на заразната болест предизвикана од Коронавирусот COVID-19 и заштита на населени-

ето, како и надзорот над спроведувањето на носењето лична заштита на лицето, за време на траењето на вонредната состојба.

Член 2

Секое домашно или странско физичко лице на територија на Република Северна Македонија е должно да носи лична заштита на лицето при излегување надвор од својот дом, односно при движење на јавни места и површини од отворен и затворен тип, на пазари, во јавен превоз и при влез во затворени простори на оператори кои поради нивната природа на дејност претставуваат место на собирање на повеќе лица (државни институции, маркети, продавници, банки, пошти, чекални, здравствени институции и слично).

Под лична заштита на лицето од ставот 1 на овој член, се подразбира било каква форма на заштита која што ги покрива пределот на носот и устата (респираторна маска ФФП2 или повисок стандард, хируршка маска за еднократна употреба, текстилна маска за повеќекратна употреба, свилена марама или шал, памучна марама или шал, бандана и слично).

По исклучок од ставот 1 на овој член, секое домашно или странско физичко лице на територијата на Република Северна Македонија, може да не ја носи личната заштита на лицето, ако:

- носи посебна лична заштита на лицето во рамки на извршувањето на нивните работни задачи,
- престојува во двор на станбена семејна куќа,
- вози велосипед или спортува на отворено како индивидуални спортски активности,
- патува во патничко моторно возило со лица со кои што лицето живее во заедница или домаќинство или
- се движи на јавни места и површини од отворен тип и целосно го одржува дозволеното минимално растојание од најмалку два метри од друго лице.

Член 3

Сите домашни и странски правни лица на територијата на Република Северна Македонија, се должни во своите седишта, подружници и објекти во кои ја обавуваат својата дејност, да обезбедат носење лична заштита на лицето од страна на сите физички лица кои работат и да забранат влез и движење низ овие простории на секое физичко лица кое влегува како посетител во овие простории, а кое нема да носи лична заштитна опрема од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Член 4

Министерството за внатрешни работи, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Државниот пазарен инспекторат вршат надзор над спроведувањето на одредбите од оваа уредба со законска сила, секој во однос на одредбите од оваа уредба со законска сила, за прашањата за кои тие се надлежни согласно закон.

Член 5

Во случај на прекршување на одредбите од членовите 2 и 3 од оваа уредба со законска сила, од денот на влегувањето во сила на оваа уредба со законска сила до 30 април 2020 година, надлежните органи од член 4 од оваа уредба со законска сила, ќе изрекуваат писмени опомени.

Член 6

Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско физичко лице ако постапува спротивно на одредбите од член 2 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 2000 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое домашно или странско правно лице ако постапува спротивно на одредбите од член 3 од оваа уредба со законска сила.

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност, ќе се изрече за прекршок на секое одговорно лице во правното лице ако постапува спротивно на одредбите од член 3 од оваа уредба со законска сила.

Член 7

Оваа уредба со законска сила се применува за време на траењето на вонредната состојба, како и до завршување на Пандемијата со COVID-19 прогласена од Светската Здравствена Организација.

Член 8

Оваа уредба со законска сила влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-3324/1
22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1491.**

Врз основа на член 58 став 1 од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ВНЕСУВАЊЕ И ШИРЕЊЕ НА КОРОНАВИРУС COVID-19**

Член 1

Во Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 62/20, 63/20, 64/20, 66/20, 70/20, 72/20, 92/20 и 100/20), во член 1, точките 6. и 27. се менуваат и гласат:

“6. Се затвораат сите спортски објекти, вежбални, спортски сали каде што може да се одржуваат секаков вид на собири и настани, без оглед на обемот и бројот на учесници, односно истите се затвораат за давање на услуги кон корисниците на услугите со присуство во објектите, а истите можат непречено да продолжат да извршуваат деловни активности и да даваат други услуги од делокругот на својата дејност преку алтернативен начин на продажба на услуги и производи

27. Се забранува пристап на лица и возила во Парк шума „Водно“, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и од 15.00 часот во сабота до 5.00 часот во понеделник.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“,.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2147/9<br>22 април 2020 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**1492.**

Врз основа на член 58 став (1) точка (3) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА И ПОСЕБЕН РЕЖИМ НА ДВИЖЕЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/20, 74/20, 76/20, 78/20, 89/20, 92/20, 100/20 и 105/20), во членот 1:

Точките 1., 2., 3. и 4., се менуваат и гласат:

„1. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

2. Се забранува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, од понеделник до петок, во временски период од 12.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и од 11.00 часот во сабота, до 5.00 часот во понеделник.

3. Се забранува движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 13.00 часот наредниот ден, во сабота од 5.00 часот до 12.00 часот и од 15.00 часот до 13.00 часот во понеделник.

4. Се забранува движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и од 15.00 часот во сабота, до 5.00 часот во понеделник.“

Точката 6., се менува и гласи:

„6. Се забранува движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 15.00 часот во сабота до 5.00 часот во понеделник. “

Точката 7. се брише.

Точка 8. станува точка 7.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2416/9<br>22 април 2020 година<br>Скопје | Претседател на Владата<br>на Република Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

**1493.**

Врз основа на член 65 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15,190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ ВО КОРИСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО КАТАСТАРОТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

Член 1

Со оваа одлука се запишува правото на сопственост на недвижни ствари, кои се наоѓаат на КП бр. 6244, КО Ѓорче Петров 6, ул. „Радушка“ бб , и тоа:

- зграда 2, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 317 м2;
- зграда 2, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, со внатрешна површина од 100 м2;
- зграда 2, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ПП, со внатрешна површина од 5 м2;
- зграда 1, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 40 м2;
- зграда 4, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, со внатрешна површина од 21 м2;
- зграда 4, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 1, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Х, со внатрешна површина од 7 м2;
- зграда 4, намена на зграда и друг објект В4-1, влез 2, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда П, со внатрешна површина од 15 м2, во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2433/1
22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1494.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА РАДИОАМАТЕРСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Дирекцијата за заштита и спасување му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

| Реден број | Назив на движна ствар | Номенклатурен број | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Телефон сателитски | 3205-3132-0357-7 | 1 |
| 2 | Радио станица „Моторола“ Р-210 рачна | 3210-0000-0039-8 | 21 |
| 3 | Радио станица за кола употребувана | 3210-0000-0533-5 | 3 |
| 4 | Радио станица употребувана „Јавс Марк“ | 3210-3215-0085-7 | 1 |
| 5 | Радио станица „Максон“ | 3210-3215-0087-0 | 1 |
| 6 | Радио станица токи-воки | 3210-3215-0089-4 | 3 |
| 7 | Радио станица „Алан“ 38 | 3210-3215-0091-2 | 2 |
| 8 | Радио станица „Пирел“ | 3210-3215-0093-6 | 16 |
| 9 | Централа употребувана | 3210-3215-0095-1 | 1 |
| 10 | Микрофон употребуван | 3210-3215-0097-3 | 4 |
| 11 | Радио станица „Електроник“ | 3210-3215-0100-8 | 2 |
| 12 | Батерија за „Моторола“ | 3445-1083-0010-3 | 32 |
| 13 | Кабел полски телефонски ПТК-56, 3750m | 3450-3316-1403-0 | / |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Радиоаматерска Асоцијација на Северна Македонија.

Член 3

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување склучува договор со претседателот на Радиоаматерска Асоцијација на Северна Македонија, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2591/1
22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1495.**

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКАТА – СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје се даваат на трајно користење без надоместок недвижни ствари, кои се наоѓаат на КП бр.594 КО Струга, запишани во Имотен лист бр.97600 сопственост на Република Северна Македонија и тоа:

| Реден бр. | Адреса (Улица и куќен број на зграда) | Број на зграда/ друг објект | Намена на зграда и други објекти | Влез/Кат/Број на посебен/заеднички дел од зграда | | | Внатрешна површина $м^2$ | Намена на посебен/ заеднички дел од зграда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Влез | Кат | Број | | |
| 1 | Пролетерска Бригада | 1 | Б4 | 1 | ПР | | 103 | ДП |
| 2 | Пролетерска Бригада | 1 | Б4 | 1 | ПО | | 93 | П |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2351/1
22 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**1496.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ -СВЕТИ НИКОЛЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Дирекцијата за заштита и спасување му престанува користењето на движните ствари,и тоа:

| Реден број | Назив на движна ствар | Номенклатурен број | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Курвиметар | 1205-1234-0008-0 | 2 |
| 2 | Двоглед 7х50 | 1210-1234-0020-7 | 5 |
| 3 | Комплет минерски алат КМА-1 | 1840-1864-0023-9 | 1 |
| 4 | Наметка заштитна | 2205-1083-5908-0 | 1000 |
| 5 | Телефон Панасоник КХ-Т3621 | 3205-0000-1043-9 | 1 |
| 6 | Телефон мобилен Сони Ериксон Т-290 | 3205-0000-1052-8 | 2 |
| 7 | Телефон мобилен Сименс Еуросет 5020 | 3205-0000-1119-5 | 2 |
| 8 | Телефон мобилен Сони Ериксон Т280И | 3205-0000-1203-5 | 2 |
| 9 | Телефон мобилен Сони Ериксон Наите | 3205-0000-8863-5 | 2 |
| 10 | Телефон мобилен Сони Ериксон Спиро | 3205-0000-8864-7 | 2 |
| 11 | ХТЦВилдфиреПублик | 3205-0000-8869-6 | 1 |
| 12 | Телефон мобилен Нокиа 100 | 3205-0000-8874-0 | 2 |
| 13 | Телефон мобилен ХТЦ Десире 310 Публик | 3205-0000-8883-0 | 1 |
| 14 | Телефон мобилен Самсунг Галакси Публик | 3205-0000-8895-7 | 1 |
| 15 | Мегафон транзиторски | 3225-0000-0155-6 | 1 |
| 16 | Геофонски детектор ГД-83 | 3250-0000-0016-0 | 1 |
| 17 | Исправувач за рударска ламба | 3435-0000-0046-6 | 1 |
| 18 | Ламба акумулаторска | 3626-0000-0028-7 | 1 |
| 19 | Дизалица хидраулична | 3905-0000-0006-1 | 1 |
| 20 | Јаже конопно разно | 4155-0000-0042-1 | 1 |
| 21 | Чаршав креветски од дамаст | 4340-0000-0006-1 | 20 |
| 22 | Вреќа за спиење ЦЗ | 4340-0000-0021-8 | 60 |
| 23 | Пешкир | 4340-0000-9532-1 | 28 |
| 24 | Ќебе обично | 4340-3915-1121-4 | 40 |
| 25 | Шлем градежен плав | 4345-0000-0017-1 | 32 |
| 26 | Ранец за ЦЗ | 4355-0000-0022-6 | 35 |
| 27 | Шатор штабни М-50 | 4360-0000-0045-2 | 1 |
| 28 | Шатор за 6 лица | 4360-0000-5635-4 | 5 |
| 29 | Шатор штабен мал М-70 | 4360-1143-1725-4 | 1 |
| 30 | Лонец од 30-40 L | 4620-4123-0390-9 | 1 |
| 31 | Термос од 15 L | 4620-4123-0688-1 | 2 |
| 32 | Прибор за јадење М69 (НЛВ) | 4625-1080-0153-1 | 50 |
| 33 | Порција и чутурица војничка | 4625-1080-0179-8 | 50 |
| 34 | Столица конференциска Конгрес | 4705-0000-0425-7 | 6 |
| 35 | Масичка полска | 4710-1078-6542-1 | 1 |
| 36 | Ормар за архива | 4715-1078-1006-2 | 2 |
| 37 | Кревет полски | 4730-1080-3689-9 | 50 |
| 38 | Машина механичка за пишување со ваљак | 4805-0000-0012-8 | 1 |
| 39 | Дигитрон П1ДТС | 4805-0000-1686-0 | 1 |
| 40 | Пумпа потопна за кал Фигхтер ФТ5007 | 5810-0000-0102-7 | 1 |
| 41 | Калорифер | 6010-5194-0013-3 | 1 |
| 42 | Катанец патент | 6727-0000-0102-2 | 2 |
| 43 | Кофа метална 10 L | 6753-0000-0003-7 | 3 |
| 44 | Пила рачна | 7003-1024-8765-7 | 3 |
| 45 | Ножици за бодликав тел | 7010-1087-6108-3 | 5 |
| 46 | Секира мала | 7012-0000-0006-6 | 20 |
| 47 | Клешта моторцанла | 7065-6164-0003-2 | 2 |
| 48 | Лопата | 7087-6164-0097-4 | 20 |
| 49 | Ашов кован | 7087-6164-2759-1 | 10 |
| 50 | Комплет за колење добиток | 7097-0000-0047-5 | 1 |
| 51 | Гарнитура јелко | 7097-0000-0050-5 | 2 |
| 52 | Шлем противпожарен без везир | 7730-0000-0154-7 | 10 |
| 53 | Шлем рударски | 7740-0000-0003-1 | 5 |
| 54 | Шлем пластичен заштитен | 7740-0000-0017-1 | 40 |
| 55 | Носило санитетско на склопување | 7816-1077-0135-1 | 5 |
| 56 | Сандук ветеринарен | 7880-0000-0035-9 | 2 |
| 57 | Торбица санитетска | 7880-7011-0003-6 | 15 |
| 58 | Јаже бело Ф-15М должина 30m | 9150-0000-0035-9 | 4 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Извиднички одред „Гоце Делчев"- Свети Николе.

Член 3

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување склучува договор со претседателот на Извиднички одред „Гоце Делчев" - Свети Николе, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2593/1 | Претседател на Владата |
| 22 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

**1497.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) и член 38-б став (4) од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр.14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПЕРИОДОТ НА ЗАКУП НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ТЕХНОЛОШКО ИНДУСТРИСКАТА РАЗВОЈНА ЗОНА СТРУГА И ЗА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА**

Член 1

Со оваа одлука се определува периодот на закуп на градежното земјиште во Технолошко индустриската развојна зона Струга и висината на закупнината за закупецот на земјиште кој ќе гради објект за потреби на иден корисник, Друштво за трговија и услуги БУИЛДИНГ БРИЦК ДООЕЛ Скопје, со седиште во Скопје.

Член 2

Градежното земјиште кое се дава во долготраен закуп претставува:

- градежна парцела 2.02 со вкупна површина од 23.339 m2 која се формира, дел од КП 2689/2, од дел од КП 2677, од дел од КП 2690, од дел од КП 2676/2, од дел од КП 2675,од дел од КП 2674,од дел од КП 2670,од дел од КП 2671, од дел од КП 2669 , од дел од КП 2668, од дел од КП 2667, од дел од КП 2666, од дел од КП 2664 и од дел од КП 2663 во КО Мислешево вон град според Имотниот лист Бр.2810 Мислешево-вонград и

- градежна парцела 2.07 со вкупна површина од 24.061 m2 која се формира од дел од КП 2663, од дел од КП 2664, од дел од КП 2666, од дел од КП 2665, од дел од КП 2654, од дел од КП 2656/4, од дел од КП 2649, од дел од КП 2655/2, од дел од КП 2650/1 и од дел од КП 2650/4 КО Мислешево вон град според Имотниот лист Мислешево-вонград број 2810 претставено во Геодетскиот елаборат Бр.0801-56/3-2020 од 12.02.2020 година,во сопственост на Република Северна Македонија, што претставува градежно земјиште согласно Извод од Урбанистички план Бр. 03/20, КО Мислешево вон град, Општина Струга, издаден од Секторот за планирање, основање, изградба и развој на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони Бр. 08-332/2 од 07.02.2020 година, врз основа на ДУПД за ТИРЗ Струга со технички број Н3310 од 2011 година, одобрен со решение број 16-2459/8 од 04.11.2011 година („Градежно земјиште").

Член 3

Градежното земјиште од член 2 од оваа одлука се дава во долготраен закуп за временски период во траење од 94 години, сметано од датумот на склучувањето на Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште.

Член 4

Висината на закупнината за градежното земјиште од член 2 на оваа одлука изнесува:

- Во текот на првите пет години 0,1 евро годишно за метар квадратен, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, односно 4.740,00 евра за една година, определено како фиксен износ;

- По истекот на првите пет години од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупнината за градежното земјиште од член 2 на оваа одлука се утврдува на годишно ниво, десет дена пред датумот на кој е склучен Договорот за долготраен закуп на градежното земјиште, а се пресметува по 0,1 евро годишно за метар квадратен, приспособено

за официјалната стапка на инфлација во Република Северна Македонија за претходната година, но не повеќе од 15% на годишно ниво, што е максималната стапка на пораст, односно не повисока од 0,115 евра годишно за метар квадратен.

Во рок од 60 дена од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, закупецот на земјиште доставува доказ за реализирана уплата на закупнината на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, во износ од 23.700,00 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, како закупнина за првите пет години, за што закупецот на земјиште е претходно известен од страна на закуподавачот.

По истекот на првите пет години од датумот кога е склучен Договорот за долготраен закуп, закупнината за долготраен закуп на градежното земјиште од член 2 на оваа одлука се плаќа однапред за секоја година, но не подоцна од датумот на кој е склучен Договорот за долготраен закуп на градежното земјиште, на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија, за што закупецот на земјиште е претходно известен од страна на закуподавачот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2649/1 | Претседател на Владата |
| 22 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**1498.**

Врз основа на член 20 став (3) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО ЗА 2019 ГОДИНА**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Извештајот за спроведување на годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2019 година, бр. 02-1005/1 од 20 март 2020 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-2796/1 | Претседател на Владата |
| 22 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**1499.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 22 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ РАСПОРЕД НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ ВО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВАТА И ДРУГИТЕ ОРГАНИ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА**

Член 1

Во Одлука за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 160/2019, 92/2020 и 95/2020), во член 1 ставот 1 се менува и гласи:

„Распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа се утврдува со почеток на работното време помеѓу 7:30 и 8:30 часот и завршеток на истото помеѓу 15:30 и 16:30 часот , а со вкупно времетраење на работниот ден од осум часа.“.

Ставот 2 се брише.

Ставовите 3 и 4 стануваат ставови 2 и 3.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 44-3321/1 | Претседател на Владата |
| 22 април 2020 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | **Оливер Спасовски,** с.р. |

# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

**1500.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” 101/19 и 31/20), а во врска со член 1 од Одлуката за утврдување на постоење на вонредна состојба донесена од Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.68/20) Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 14.4.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА НАЧИНОТ НА ПРОЦЕНКА НА РЕЗЕРВИТЕ ЗА ШТЕТИ НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И/ИЛИ РЕОСИГУРУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ТРАЕЊЕ НА ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат правила кои се однесуваат на работењето на друштвата за осигурување за време на траењето на вонредната состојба во државата во делот на начинот на проценка на резервите на штети од страна на друштвата за осигурување.

Член 2

Друштвата за осигурување и/или реосигурување се должни да преземат соодветна реакција за намалување на ризикот од нереална проценка на резервите на штети која би се јавила како резултат на забавената пријава/ликвидација на штети во текот на траење на вонредната состојба, при што секоја актуарска проценка и одлука во процесот на актуарско расудување и избор на претпоставките треба да биде донесена во насока на намалување на овој ризик.

Член 3

Доколку при процена на резервите за штети, искуството во последната дијагонала од користениот триаголник покаже намалена ликвидација/пријава на штети (релативно на изложеноста), друштвото за осигурување и/или реосигурување истото не треба да го земе во предвид за целите на проценка на развојните фактори со состојба на 31 март и 30 јуни 2020 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-311/1 | Совет на експерти |
| 14 април 2020 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

---

**1501.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1 од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и (“Службен весник на Република Северна Македонија” 101/19 и 31/20) а во врска со член 1 од Одлуката за утврдување на постоење на вонредна состојба донесена од Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.68/20), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 14.4.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНА СОДРЖИНА НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ПРИЈАВУВАЊЕ, РЕЗЕРВИРАЊЕ И ЛИКВИДАЦИЈА НА ШТЕТИ ОД СТРАНА НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за минимална содржина на евиденцијата и начинот на пријавување, резервирање и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување („Службен весник на Рсепублика Македонија” бр. 4/2020), во член 12 во ставот (3) зборовите: “2 работни дена” се заменуваат со зборовите: “5 работни дена”.

Член 2

Овој правилник влегува во сила од денот на објавување во “Службен весник на Република Северна Македонија” и истиот ќе се применува се додека трае вонредната состојба во државата прогласена со постојната Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба донесена од Претседателот на Република Северна Македонија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.68/20) или со нова Одлука за утврдување на постоење на вонредна состојба со која вонредната состојба би се продолжила за дополнителен период.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-312/1 | Совет на експерти |
| 14 април 2020 година | Претседател, |
| Скопје | **Крсте Шајноски,** с.р. |

**1502.**

Врз основа на член 158-ѕ точка 1 и член 122 став (1) точка 4) од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13, 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19 и 31/20), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 14.4.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МЕТОДОТ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА СТАВКИТЕ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА И ИЗГОТВУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИТЕ БИЛАНСИ**

Член 1

Во Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси (“Службен весник на Република Македонија” бр. 169/2010, 141/2013 и 61/2016), во член 7 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Друштвата за осигурување се должни да извршат класификација на побарувањата во следните категории во зависност од времето на доцнење во исполнување на обврските од страна на должникот, сметано од денот на доспевање на побарувањето:

1) Категорија А - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период до 90 дена од денот на доспевање на побарувањето;

2) Категорија Б - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 91 до 120 дена од денот на доспевање на побарувањето;

3) Категорија В - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 121 до 180 дена од денот на доспевање на побарувањето

4) Категорија Г - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 181 до 330 дена од денот на доспевање на побарувањето и

5) Категорија Д - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период од 331 до 425 дена од денот на доспевање на побарувањето.

6) Категорија Ѓ - Побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле во период подолг од 425 дена од денот на доспевање на побарувањето.

(2) Друштвата за осигурување се должни да утврдат соодветна исправка на вредност – Посебна резерва на побарувањата класифицирани во согласност со став 1 на овој член, на следниот начин:

| Група на побарувања | Период на доцнење во исплата на обврската од страна на должникот | Исправка на вредност (во % од вкупната вредност на поединечно побарување) |
|---|---|---|
| А | до 90 дена | 0% |
| Б | од 91 до 120 дена | 10%-30% |
| В | од 121 до 180 дена | 31%-50% |
| Г | од 181 до 330 дена | 51%-70% |
| Д | од 331 до 425 дена | 71%-90% |
| Ѓ | подолг од 425 дена | 100% |

Член 2

Одредбите од овој правилник ќе се применуваат заклучно со 31.12.2020 година.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе започне да се применува при изготвувањето на Извештајот за спроведување на овој правилник со состојба на 30 јуни 2020 година.

Бр. 01-313/1
14 април 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

---

**1503.**

Врз основа на членовите 158-ѕ точка 1 и член 74 точка 6) од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 198/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/19 и 31/20), Советот на Експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 14.4.2020 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОВИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СРЕДСТВАТА КОИ ГИ ПОКРИВААТ ТЕХНИЧКИТЕ РЕЗЕРВИ И СРЕДСТВАТА КОИ ЈА ПОКРИВААТ МАТЕМАТИЧКАТА РЕЗЕРВА, КАКО И ДЕТАЛНО ПЛАСИРАЊЕ И ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ТИЕ ВЛОЖУВАЊА И НИВНО ВРЕДНУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за видови и карактеристики на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва, како и детално пласирање и ограничување на тие вложувања и нивно вреднување(“Службен весник на Република Македонија” бр. 64/11, 127/14, 61/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.36/19) во член 4 во ставот (2) по точката 2.1 се додава нова точка 2.2 која гласи:

“2.2. Недоспеани побарувања по основа на премија за осигурување, соосигурување односно реосигурување и побарувања од должници кои своите обврски спрема друштвото не ги исполниле на датумот на доспевање на побарувањето и истото не го сториле во период до 30 дена од денот на доспевање на побарувањето, најмногу до 10% од нето вредноста на техничките резерви и математичката резерва.“

Член 2

Одредбите од овој правилник ќе се применуваат заклучно со 31.12.2020 година.

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“ а ќе започне да се применува при изготвувањето на известувањето за видовите на вложувања на средствата кои ги покриваат техничките резерви и средствата кои ја покриваат математичката резерва на друштвата за осигурување со состојба на 30 јуни 2020 година.

Бр. 01-314/1
14 април 2020 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
**Крсте Шајноски,** с.р.

# АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**1504.**

Врз основа на член 10 точка 4), а во врска со член 81 став (2) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија” бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ЗАБРАНА НА УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЖИВИ ЖИВОТНИ, ПРОИЗВОДИ И НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО ЗАРАДИ ЗАШТИТА ОД ВНЕСУВАЊЕ НА ВИРУСОТ НА АФРИКАНСКА СВИНСКА ЧУМА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД РЕПУБЛИКА СРБИЈА И ТРАНЗИТИРААТ НИЗ РЕПУБЛИКА СРБИЈА**

Член 1

Со ова решение заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума се забранува увоз и транзит во Република Северна Македонија на:

1) домашни и диви свињи кои потекнуваат од Република Србија и

2) производи и нуспроизводи од животинско потекло кои потекнуваат од Република Србија, и тоа:

- семе за вештачко осеменување, јајце клетки и ембриони од свињи,
- нуспроизводи и деривати на нуспроизводи од свињи,
- свинско месо, производи од свинско месо, преработки од свинско месо, мешовити и други производи кои содржат свинско месо.

Член 2

По исклучок на член 1 точка 2) алинеја 3 од ова решение, се одобрува увоз и транзит во Република Северна Македонија на:

1) свинско месо и производи од свинско месо кои не потекнуваат од региони наведени во Прилогот кој е составен дел на ова решение и

2) производи од свинско месо, преработки од свинско месо и мешовити производи кои содржат свинско месо кои потекнуваат од региони наведени во Прилогот на ова решение, доколку свинското месо од кое се добиени било подложено на еден од следните специфични третмани, и тоа:

- обработка во херметички затворен контејнер до Fo вредност од три или повеќе;
- термички третман што обезбедува постигнување на температура од најмалку 80°C што треба да помине низ производот од месо во текот на преработката на месото;
- термичко третирање на производите од месо, во херметички затворени контејнери на температура од најмалку 60°C за период од најмалку 4 часа, што обезбедува постигнување на температура од најмалку 70°C во внатрешноста на производот за периодот од 30 минути;

- природна ферментација и созревање на месото во времетраење од најмалку девет месеци за обезкостено месо, кое треба да ги добие следните карактеристики: Aw вредност од најмалку 0,93 или pH вредност од најмалку 6,0 и

- природна ферментација и созревање во времетраење од најмалку 190 дена за шунка и 140 дена за слабина.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на ова решение престанува да важи Решението за забрана на увоз и транзит на живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло заради заштита од внесување на вирусот на африканска свинска чума во Република Северна Македонија кои потекнуваат од Република Србија и транзитираат низ Република Србија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 168/19 и 188/19).

Член 4

Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 02-1141/1
10 април 2020 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

**Прилог**

Региони во Република Србија:
- Пиротски/Pirotski,
- Средно Банатски/Srednje banatski,
- Борски/Borski,
- Зајечарски/Zajecarski,
- Подунавски/Podunavski,
- Град Белград/The City Of Belgrade.

## СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1505.**

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно чл.9 ст.1 алинеа 3 чл.10 ст.1, чл.43 и чл.47 од Законот за Советот на Јавните обвинители на Република Северна Македонија („Службен весник РМ“ бр.150/07), на одржаната деведесет и прва седница на ден 6.4.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

I

На Митра Каратанева - јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Струмица, и се утврдува престанок на функцијата јавен обвинител поради исполнување услови за старосна пензија.

II

Функцијата јавен обвинител и работниот однос и престануваат заклучно со 3.5.2020 година.

III

Оваа одлука влегува во сила на ден 6.4.2020 година, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОР Бр. 2/20
6 април 2020 година
Скопје

Совет на јавните обвинители
на Република Северна Македонија
Претседател,
**Ацо Колевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1506.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13,139/14 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/19), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец март 2020 година, во однос на месец февруари 2020 година, е повисока за 0,2 %.

2. Правото на пораст на платите за месец март 2020 година, во однос на месец февруари 2020 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Северна Македонија, изнесува 0,1 %.

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2020 година изнесува 12.200,00 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**

ISSN 0354-1622

2020107